## ЧЛЕН 15

Заедницата и Република Македонија постапно ќе воспоставуваат слободна трговска зона, за период што ќе трае максимум 10 години, со самото стапување во сила на оваа Спогодба, согласно одредбите на истата и во согласност со одредбите на ГАТТ од 1994 година и на СТО. Притоа тие треба да ги земат предвид конкретните барања наведени подолу.

Во трговијата помеѓу двете Страни за класификацијата на стоките ќе биде применета Комбинираната номенклатура за стоки.

Основните царински стапки за секој производ, за којшто ќе се применуваат последователни намалувања наведени во оваа спогодба, ќе бидат оние што се применливи ерга омнес на денот пред потпишувањето на Спогодбата.

Доколку по потпишувањето на Спогодбата се примени намалување на царините на ерга омнес основа, а особено намалувања што се резултат на преговорите за царини со СТО, ваквите намалени царински стапки ќе бидат заменети со основните царински стапки.